Архивски број : 0801 - 278/8
22.11.2021 Година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-278/1 од 22.09.2021 поднесена од [redacted] како претставник на Здружение за [redacted]" против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на: пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, сексуална ориентација и родов идентитет. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.11.2021 г. го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА како и ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, сексуална ориентација и родов идентитет од страна на [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 22.09.2021 година, беше доставена претставка од страна на [redacted] како претставник на Здружението за [redacted] против [redacted]. Во претставката здружението [redacted]" нагласува дека [redacted] од својот фејбук профил креира и шири содржина со расистички и ксенофобичен материјал, а креираниот и споделениот материјал промовира омраза против различни категории на граѓани.

Поточно во претставката здружението „[redacted]" го посочува неговиот статус *„Комунисти, педери и шиптари обединете се и кај шо моча Царовска удавете се! Царовска на ЛГБТ парада: Ќе се бориме се до моментот додека секој од нас не може слободно да љуби и тоа јавно да го покаже"*. Здружението исто така посочува дека објавениот статус бил во контекст на втората парада на гордоста која се одржа во Скопје под слоганот „Вон ѕидовите". Како доказ за направеното дело, здружението ни прати скришот и директен линк од фејсбук статусот.

Во согласност со членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата тврдењето за дискриминација го стори веројатно и во согласност со членот 24, ст. 7 и чл. 26 истиот закон достави барање за изјаснување бр. 0801-278/2 до [redacted]. На 25.10.2021 година од страна на [redacted] ни беше доставен одговор заверен под број 0801-278/5. Во одговорот на барањето подносителот наведува дека неговиот профил бил хакиран и дека тој не се сеќава дека напишал статус со содржина која шири омраза кон посочените групи.

За да може да се утврди дали профилот на [redacted] е навистина хакиран, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за информација за утврдување на личноста позади фејсбук профилот „[redacted]" до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика како и до Единицата за економски и компјутерски криминал. На двете барања добивме одговор дека *„единствен начин како би се проверило и утврдило кој го користи горенаведениот профил, е по пат на поднесување на официјално Барање за доставување на податоци издадено од страна на Основното Јавно Обвинителство Скопје а врз*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*основа за сомнение за сторено кривично дело предвидено во кривичниот законик на Република С. Македонија."*

Но, по разгледување на Фејсбук профилот на [redacted], Комисијата утврди дека тој на неговиот профил неретко објавува слики од неговиот личен живот и води пренос во живо (live stream) за да пренесе одредени животни моменти и лични ставови. Тоа ни укажа дека 1) профилот на [redacted] е под негова контрола, 2) дури и некој друг да ги пишувал статусите од неговиот профил тој можел да ги избрише 3) дека во барањето за изјаснување по претставката [redacted] веројатно ни дал лажен исказ. Затоа, во согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење кое е напишано во диспозитивот. Односно, Комисијата во согласно член 21 став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

Се задолжува лицето [redacted] да ја отстрани посочената содржина како и да ги отстрани сите останати вознемирувачки содржини со кои тој шири омраза кон разни групи на граѓани. Понатаму, се задолжува [redacted] преку неговиот фејсбук профил да се извини на групите на граѓани кои ги навредил а доказот дека тоа го направил да го достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Посочуваме дека во согласност со членот 27 став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација лицето кон кое е упатено препораката е должно да постапи по препораката во рок од 30 дена. Доколку лицето не постапи по препораката, Комисијата во согласност со член 27 став 4 покренува прекршочна постапка пред надлежен суд.

Скопје
22/11/2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација * Скопје



КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk